*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1133/2*
*15.02.2023 година*
*Ш т и п*

# ЗАПИСНИК

## ОД СПРОВЕДЕН ПРАКТИЧЕН ИСПИТ ЗА ИНСПЕКТОР

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор ( Службен весник на Република Северна Македонија број 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор ( Службен весник на Република Северна Македонија број 238/19) на 04.05.2021 година со почеток од 11 часот во службените простории на Инспекциски Совет на РСМ во Скопје пред комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Штип број 09-1133/1 од 10.02.2023 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

**Зоран Павловски**- Општински Градежен инспектор, одделение за урбанистички, градежен надзор и надзор над сообраќај и патишта- виш инспектор/ сектор за инспекциски работи- **Претседател на комисијата**

**Борче Везенков**- комунален инспектор,одделение за друг вид надзор од надлежност на општина- виш инспектор/ сектор за инспекциски работи-главен инспектор- **Член на комисијата**

**Тоше Ѓорѓиевски**- раководител на сектор за инспекциски работи- главен инспектор- **Член на комисијата**

**Ресул Шемо**- номиниран од Инспекциски совет од областа на Градежништвото,урбанизам,комунални работи и транспорт- **Член на комисијата.**

Кандидат за полагање на практичниот дел од испитот е Весна Зенделова, кандидат за општински градежен инспектор.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Весна Зенделова изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

По презентентирање на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор- 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор- 30 бодови
- Затворање на инспекциски надзор- 30 бодови
- Документирање на инпекциски надзор- 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот Весна Зенделова го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 90 бодови.

Практичниот испит за инспектор траеше од 11:00 часот до 13:00 часот.

Комисија за полагање на
практичен испит за инспектор

Зоран Павловски________________

Борче Везенков ________________

Тоше Ѓорѓиевски________________

Ресул Шемо________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП * 1

Општина Штипул. „ВасилГлавинов"бр. 4Б,2000Штип, РепубликаСевернаМакедонија
ГрадоначалникТел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Веб страна: www.stip.gov.mke-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk